РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број / Numer: 11-312
03.11.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 144 став 3 од истиот Закон, точка 9 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 01.10.2025 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4429/1 од 17.10.2025 година и Заклучокот арх.бр.02-4638/2 од 03.11.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 16-та седница, одржана на 3.11.2025 година, го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка - јавна опомена

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, заради тоа што не го испорачува континуирано сигналот со иста содржина со онаа што им е достапна на неговите претплатници до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво, заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) во Скопје, што е спротивно на член 144 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ).

Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4429/1 од 17.10.2025 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ, односно континуирано да го испорачува излезниот сигнал (со иста содржина со онаа што им е достапна на неговите претплатници) до соодветната локација за прибирање сигнали.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за преземање мерка - јавна опомена.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата, согласно член 23 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата.

## Образложение

Агенцијата во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од ЗАВМУ презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од ЗАВМУ, Агенцијата е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон,

дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од ЗАВМУ, Агенцијата на 17.10.2025 г., изврши вонреден програмски надзор врз исполнувањето на обврската пропишана во член 144 став 3 од ЗАВМУ, согласно која операторите кои реемитуваат програмски сервиси се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво согласно член 62 став 4 од ЗАВМУ, заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје. При извршениот надзор Агенцијата констатираше дека Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Берово и општина Пехчево, не го испорачува континуирано сигналот со иста содржина со онаа што им е достапна на неговите претплатници, до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво, заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје, што е спротивно на член 144 став 3 од ЗАВМУ. Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.11-4429/1 од 17.10.2025 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 144 став 3 од истиот Закон, точка 9 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4429/1 од 17.10.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-4638/2 од 03.11.2025 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ наведено во точка 1. на ова решение, Советот на Агенцијата, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ, на начин што континуирано ќе го испорачува излезниот сигнал (со иста содржина со онаа што им е достапна на неговите претплатници) до соодветната локација за прибирање сигнали.

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот, односно по јавната опомена и континуирано го испорачува излезниот сигнал (со иста содржина со онаа што им е достапна на неговите претплатници) до соодветната локација за прибирање сигнали.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова решение е конечно и против него операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горенаведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Прилог (1):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.11-4429/1 од 17.10.2025 г.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово;
- Управителот/одговорното лице на Трговското радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 17.10.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 11 | 4429/1 | | |


До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21,154/23, 55/24 и 193/24), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **вонреден**

**2. Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово

**3. Датум на извршување на надзорот:** 17.10.2025 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската утврдена во членот 144 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21,154/23, 55/24 и 193/24):

- Член 144 став 3 – „Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво согласно членот 62 став (4) од овој закон, заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје"

**5. Претходно изречени мерки: нема**

**6. Констатации од надзорот:**

Со надзор беше констатирано дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на општина Берово и општина Пехчево, не го испорачува континуирано сигналот со иста содржина со онаа што им е достапна на неговите претплатници до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво, заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје, што е спротивно на член 144 став 3.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе решение за преземање мерка – опомена со кое на операторот Трговско радиодифузно друштво-оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово согласно точка 9 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4241/1 од 01.10.2025 ќе му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со член 144 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**